РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Арх. бр. 10-1921/2
06.09.2021 година
Скопје

Врз основа на член 12 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје(Универзитетски гласник бр. 417/2019) оддел III точка 4 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2021/2022, а во врска со приговорот поднесен од Ивона Кузманова бр. 10-1921/1 од 6.9.2019, Конкурсната комисија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Стоматолошки факултет за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2021/2022 на ден 6.9.2021 година ја донесе следното

# ОДЛУКА

по приговор бр. 10-1921/1 од 6.09.2021 година поднесен од Ивона Кузманова

1. ПРИГОВОРОТ на Ивона Кузманова бр. 10-1921/1 од 6.9.2021 година со пријава бр. 86925 за проверка и корекција на вкупниот бодови во прелиминарната листа за упис на студиската програма доктори по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет - Скопје СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

***Образложение***

Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Стоматолошки факултет – Скопје согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје во учебната 2021/2022 година на 3.09.2021 година објави прелиминарна листа на пријавени кандидати за упис на Факултетот со вкупен број на остварени бодови. Кандидатот Ивона Кузманова вложи навремен приговор во кој наведува дека бројот на бодови на прелиминарната ранг листа не се совпаѓа со бројот на бодови даден во пријавниот лист. Конкурсната комисија на 6.9.2021 година го разгледа приговорот и утврди дека истиот не може да биде усвоен бидејќи постои основана причина за промена на бројот на бодовите и тоа поради погрешно внесени оценки од предметите од средното образование. Од тие причини бројот на бодовите од оценките од средното образование од 54, 00 се корегира на 51, 429. Затоа вкупниот број на бодови се корегира за разлика од 2,57. Со оглед на тоа се реши како во точка 1 од оваа Одлука.

Доставено до

-именуваниот/та,
-досие – архива
-веб страна на Факултетот

**Конкурсна комисија на Факултетот**

Претседател – Проф. д-р Мира Јанкуловска с.р.

-проф. д-р Борис Величковски с.р
-проф. д-р Василка Ренцова с.р.
-проф. д-р М.Пеева Петреска с.р.
-проф. д-р Лидија Кануркова с.р.
-проф. д-р Весна Коруноска Стевковска с.р.
-проф. д-р Маја Пандилова с.р.

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Стоматолошки факултет Скопје